06.07.2016

# ДОГОВОР бр. ________

за користење на кабелски интернет УП1-бр.1605-87

Склучен на ден __________2016, во __________помеѓу:

1. КАБЕЛ АС КТВ ДООЕЛ, ул Партизанска бр.11 Македонски брод, тел:045/520-306 ЕДБ:35020150005034, ,претставувана од Љубиша Новески, УПРАВИТЕЛ ( во понатамошниот текст: Оператор), од една страна и
2. ________________________________________ од ____________ општина__________ ЕМБГ/ЕДБ________________________e-mail__________________ (во понатамошниот текст: Претплатник), од другата страна.

## ЧЛЕН 1

## ПРЕДМЕТ И ЦЕЛ НА ДОГОВОРОТ

1) Предмет на овој Договор е уредување на правата и обврските на Операторот, како Оператор на јавна кабелска мрежа, од една страна и Претплатникот, како краен корисник на услуги од јавна кабелска мрежа, од друга страна.
2) Целта на овој договор е засновање на претплатнички однос за обезбедување на кабелски интернет пристап преку јавна кабелска мрежа.
3) Овој договор се склучува во времетраење од □12 месеци.

## ЧЛЕН 2

## ОСНОВНИ И ДОПОЛНИТЕЛНИ УСЛУГИ

1) Со склучување на овој договор, Операторот му овозможува на Претплатникот монтирање и користење на приклучок за кабелски интернет пристап преку јавната кабелска мрежа во просториите на Претплатникот.
2) Активирањето и деактивирањето на основните и дополнителните услуги како и промена на тарифниот пакет од страна на Операторот, а по барање на Претплатникот, се врши со пополнување на барање за активирање/деактивирање на тарифен модел или на друг начин достапен на Претплатникот, пропишан согласно правилата и условите на Операторот.
3) Тарифните пакети на услугите на Операторот ги избира Претплатникот, а се истакнати во јасна, разбирлива и лесно достапна форма на инфо-каналот, веб-страницата и наплатните центри на Операторот.
4) Најмногу еднаш месечно Претплатникот, доколку ги исполнува условите за користење на тарифниот пакет, може да побара промена на тарифниот пакет на начин утврден со ставот 2 од овој член и промената ќе важи од првиот ден од следниот месец.

## ЧЛЕН 3

## ПАРАМЕТРИ ЗА КВАЛИТЕТ НА УСЛУГИТЕ

Операторот услугата на претплатникот ја обезбедува со следните параметри:

Брзината на пристап до интернет е дефинирана согласно избраниот интернет пакет од страна на Претплатникот во Прилогот 1 од Договорот

Рекламирана брзина, претставува брзина на проток на податоци која Операторот ја рекламира за специфичен тарифен модем за пристап до интернет услуги.

Вистинска брзина, претставува просечна брзина на проток на податоци која Операторот му ја обезбедува на Претплатникот во текот на 24 часа во денот.

Минимална брзина, претставува минимална брзина на проток на податоци која Операторот му ја обезбедува на претплатникот во 95% од времето во текот на еден месец. Минималната брзина во ниту еден случај не треба да биде помала од 50% од рекламираната брзина.

Во сите услуги наведени во договорот е вклучена неограничена количина на податоци без никаква доплата од страна на Претплатникот.

*Брзината кон надворешните интернет содржини може да се разликува од дефинираните брзини во претплатничкиот договор заради фактори кои влијаат надвор од мрежата на операторот.

## ЧЛЕН 4

## ФОРМА И НАЧИН НА ИНФОРМИРАЊЕ И КОМУНИКАЦИЈА

1) Операторот комуницира со Претплатникот на следниот начин:
   - за физичко лице: лично со Претплатникот или лице кое има полномошно издадено од Претплатникот;
   - за правно лице: со законскиот застапник на претплатникот или лице кое е вработено кај Претплатникот кое за таа цел е овластено со потпис и печат од одговорното лице на Претплатникот.
2) Комуникацијата помеѓу Операторот и Претплатникот (фактура, приговор и друг вид комуникација) се одвива во пишана форма што може да биде доставена по пошта или лично во просториите на Операторот или Претплатникот.
3) Комуникацијата може да се одвива и во електронска форма, доколку Операторот има согласност и адреса од електронската пошта на Претплатникот за достава на писменото во електронска форма.
4) Претплатникот е согласен на следнава електронска пошта на Претплатникот ____________________ / не е согласен (со заокружување) меѓусебната комуникација со Операторот да се одвива и по електронски пат.

**ЧЛЕН 5**

**НАЧИН НА СКЛУЧУВАЊЕ НА ПРЕТПЛАТНИЧКИ ДОГОВОР**

1) Барањето за склучување на претплатнички договор се доставува на начин и образец пропишан од страна на операторот, во кој се наведени сите потребни документи кои барателот е должен да му ги достави на операторот.
2) По поднесеното барање за склучување на претплатнички договор, операторот треда да испита дали има техничка можност за да ги обезбеди услугите со квалитет дефиниран во неговата понуда.
3) Операторот може да одбие барање за склучување на претплатнички договор во следните случаи
   - доколку барателот има неподмирен долг спрема операторот;
   - доколку утврди дека барателот не поседува платежна способност;
   - доколку барателот не ги достави сите потребни документи и
   - доколку постојат ограничувања кои се во врска со капацитетот и техничките можности на операторот.
4) По добиеното известување за постоење на техничка можност операторот во рокот од 24 часа склучува со претплатникот претплатнички договор, при што претплатничкиот однос се смета за заснован од денот на склучувањето на претплатничкиот договор. Операторот треба да ги активира услугите кои се предмет на претплатничкиот договор веднаш по склучување на претплатничкиот договор од кога и започнува плаќањето за активираните услуги кои се предмет на претплатничкиот договор

**ЧЛЕН 6**

**ПРАВА И ОБВРСКИ НА ОПЕРАТОРОТ**

1) Со потпишување на овој договор, Операторот се обврзува да ги почитува сите права и обврски како и одредбите на овој договор.
2) Приклучувањето на јавната кабелска мрежа ќе се изврши од страна на стручните лица на Операторот, со што на Претплатникот ќе му овозможи квалитет на услугата „кабелски интернет" определен согласно ЗЕК и позитивните законски прописи.
3) Операторот треба да испита дали има техничка можност за да ги обезбеди услугите со квалитет дефиниран во понудата по поднесеното барање за склучување на претплатничкиот договор.
4) Операторот е должен да изврши префрлување на приклучокот на јавната кабелска мрежа на друга локација доколку тоа е технички возможно, во спротивно е должен да го извести Претплатникот.
5) Операторот треба на своите претплатници, по нивно барање да им обезбеди начин на проверка и следење на вистинската и минималната брзина.
6) Операторот е должен да го извести Претплатникот доколку ги повредува одредбите од овој Договор и да му одреди разумен рок за коригирање и исполнување на обврските предвидени со овој Договор.
7) Операторот го задржува правото за промена на цените и условите на услугите во зависност од пазарните услови.
8) Да овозможи контрола на трошоците.
9) Да врати парични средства на претплатникот во случај на неточна обработка на податоци или прекин на услуга. По поднесено барање за активирање или деактивирање на дополнителна услуга, Операторот треба да го извести Претплатникот за рокот во кој ќе се врши активирањето или деактивирањето на услугите, како и за доплнителната промена на терминалната опрема, доколку е потребно да се направи.
10) Операторот треба да го извести Претплатникот за сите предложени измени во условите наведени во претплатничкиот договор во рок не пократок од 30 дена пред воведување на измените, како и за правото дека во истиот тој период, Претплатникот без известување или последици може да го раскине договорот доколку не се согласува со предложените измени.
11) Операторот не ги продолжува по автоматизам обврските од договорот со задолжително времетраење, по истекот на иницијално договорениот временски период.
12) Операторот е должен во рок не пократок од 30 дена пред истекот на договореното времетраење од договорот да го извести Претплатникот дека истиот му истекува.
13) Операторот треба да му овозможи на Претплатникот промена на тарифен модел, доколу Претплатникот ги исполнува условите за користење на тарифниот модел и да му овозможи на Претплатникот користење на дополнителни услуги, според избраниот тарифен модел по цена утврдена во официјалниот ценовник.
14) На барање на претппатникот да достави информација за искористеноста или надминување на одредени повопности кои ги користи согласно избраниот тарифен модел во тековниот месец.
15) Операторот има обврска да објави ценовник.
16) Операторот се обврзува да води евиденција за сите воспоставени претплатнички односи и по раскинување на договорот должен е податоците за Претплатниците, како име, презиме, адреса, матичен број за физички лица и даночен број за правни лица да ги чува за период од една година од денот на издавање на последната сметка на Претплатникот за обезбедените услуги.
17) Операторот има обврска да го раскине претплатничкиот договор со Претплатникот, пред истекот на договорениот период, по барање на Претплатникот заради неисполнување на обврските од Операторот предвидени во претплатничкиот договор.
18) Операторот има право да наплати еднократен надомест за почетно приклучување, месечен надомест за претплатничка линија и за дополнителни услуги кои ги користи Претплатникот.
19) Операторот се обврзува да пресметува законска казнена камата од денот кога Претплатникот задоцнил со плаќање на месечен надомест.
20) Операторот може да побара од Претплатникот да депонира паричен износ на средства како аванс или гаранција, а особено по исклучување на Претплатникот заради доцнење или неможност за плаќање.

**ЧЛЕН 7**

**ПРАВА И ОБВРСКИ НА ПРЕТПЛАТНИКОТ**

1) Со потпишување на овој договор, Претплатникот се обврзува да ги почитува сите права и обврски како и одредбите на овој договор.
2) Претплатникот има право на квалитетно и непрекинато користење на услугата.
3) За да може Претплатникот да ја користи услугата, потребно е да поседува персонален компјутер или уред со RJ45 приклучок.
4) Претплатникот се обврзува дека ќе им овозможи непречен пристап (на лица овластени од Операторот кои претходно ќе се легитимираат) во своите простории/станот во кои ќе се изврши монтажа, преглед или мерење на кабелската мрежа. Да не го попречува спроведувањето на кабелот од својот до соседните објекти.
5) Претплатникот се обврзува дека ќе се грижи за опремата инсталирана на неговиот имот и нема да врши самостојно отстранување на евентуални дефекти на кабелската мрежа и дека нема да врши било какви дејствија врз опремата на кабелската мрежа дури и ако биде исклучен од неа, како и да дејствува за евентуално оштетување на мрежата. Доколку постапи спротивно, должен е да ја надомести штетата.
6) Претплатникот може да пријави дефект на операторот на бројот за грижа на корисници 045/520-306 и лично во просториите на Операторот или по пошта.
7) Претплатникот се обврзува дека приклучокот не смее да го отстапува на друго лице или да дозволи неовластено приклучување на мрежа. Во случај тоа да го стори ќе биде трајно исклучен од мрежа.
8) Претплатникот не смее да приклучи друго лице на својот приклучок, ниту свој приклучок може да продаде, односно да го отстапи на трето лице.
9) Доколку дојде до промена на сопственоста на станот, Претплатникот е должен веднаш да го извести Операторот за настанатата промена.
10) Во таков случај:

   - Претплатникот е должен да ги подмири своите обврски кон Операторот;
   - доколку новиот сопственик на станот сака да ги користи услугите на Операторот, се склучува нов Договор.

11) Претплатникот има обврска да го плати износот што го должи во предвидениот рок, односно сам да побара сметка доколку истата не ја примил на време.
12) Да плати законска казнена камата од денот кога задоцнил со плаќањето, во случај на ненавремено плаќање.
13) Претплатникот има право да ги користи електронските комуникациски услуги предмет на претплатничкиот договор, во рок, начин, цени и квалитет во согласност со одредбите од претплатничкиот договор.
14) За биде информиран во пишана форма за сите предложени измени во условите од договорот во рок не пократок од 30 дена пред воведување на измените, како и правото дека во тој период без известување или последици може да го раскине договорот доколку не се согласува со предложените измени.
15) Да има јавно достапна листа на улуги што му се нудат и обезбедуваат од страна на Операторот.
16) Да му се овозможи преселување на претплатнички приклучок на друга адреса во рамките на јавната кабелска мрежа. Операторот ќе го префрли Претплатникот на друга локација само ако има техничка можност на новата локација, во спротивно за предвремено раскинување на договорот има право да наплати пенали.
17) Да му се овозможи промена на тарифен модел, доколку ги исполнува условите за користење на тарифниот модел определен од Операторот.
18) Во рок не пократок од 30 дена пред истекот на договореното времетраење на договорот да биде известен дека договорот му истекува.
19) Да му се овозможи активирање, деактивирање и користење на дополнителни услуги на негово барање.
20) Да има информација за цените за приклучок и користење на јавните електронски комуникациски услуги во ценовник и да има пристап до ценовникот.
21) Претплатникот има право да депонира паричен износ како аванс на жиро сметка од која ќе се црпат средства за подмирување на обврските за плаќање на фактурата кон Операторот.
22) Да му бидат вратени парични средства во случај на неточна обработка на податоци или прекин на услугата.
23) Претплатникот има право да го раскине претплатничкиот договор со операторот, пред истекот на договорениот период по сопствени барање заради неисполнување на обврските од договорот на Операторот предвидени во претплатничкиот договор.
24) Да му се овозможи контрола на трошоците.
25) На барање да добие информација за искористеност или надминување на одредени поволности кои ги користи согласно избраниот тарифен модел во тековниот месец.

**ЧЛЕН 8**

**ФАКТУРИРАЊЕ И НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ**

1) Претплатникот се обврзува да плаќа месечен надомест за основните и дополнителните услуги што ги користи согласно избраниот интернет пакет и тековниот ценовник на Операторот во висина од ________ денари.
2) Претплатникот не наплаќа еднократен надомест за приклучок.
3) Претплатникот може да ја плати фактурата во готово на овластените инкасатори и тоа преку мобилни фискални апарати без провизија.
4) Обврските од овој Договор, Операторот ќе ги фактурира како ставки во фактурата која се доставува за користење на кабелски интернет.
5) Операторот, на фактурата јасно го истакнува заостанатиот долг што Претплатникот го има кон Операторот, со што Операторот смета дека Претплатникот е известен и опоменат за неподмирениот долг.
6) Претплатникот се обврзува да ја плати доставената фактура од Операторот. Непримањето или непоседувањето на фактурата од која било причина, не го ослободува Претплатникот од обврската да го плати износот што го должи, односно Претплатникот треба сам да побара фактура, доколку не ја примил навреме.

Операторот се обврзува дека на Претплатникот ќе му достави сметка за користење на услугите секој месец на 1- ви во месецот. Претплатникот се обврзува дека месечниот надоместок ќе го уплаќа редовно до 15-ти во месецот за тековниот месец на име месечна такса.
Доколку Претплатникот не го уплати месечниот надоместок во утврдениот рок, Операторот е должен да го предупреди Претплатникот, со тоа што ќе определи рок од 10 дена во кој е должен да го уплати долгот. Во спротивно, ќе биде исклучен. За повторно вклучување во мрежата потребно е Претплатникот да го уплати износот на заостанатиот долг, без казна и трошоци за повторен приклучок.

**Член 9**
**ВРАЌАЊЕ НА СРЕДСТВА**

Во случај на привремено ограничување или прекин на пристапот до услуги кој трае подолго од 3 часа Операторот врши враќање на паричните средства за претплата и надоместоци за дополнителните услуги за износ пропорционален на времетраењето кога услугата не била обезбедувана. Пресметаниот износ ќе биде одбиен во наредната сметка на сите Претплатници кај кои постоел прекин. Исто така доколку настане грешка во пресметувањето на износот, истиот по приговор од Претплатникот ќе биде одбиен во наредната сметка. Во случај на престанок на обезбедување на услугите не по вина на Претплатникот или кога Претплатникот го откажува користењето на услугите, Операторот ќе изврши враќање на паричните средства депонирани однапред како аванс на трансакциска сметка на Претплатникот по подмирување на вкупниот долг на Претплатникот.

**ЧЛЕН 10**
**ОБРАБОТКА И ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ**

1) Операторот има право да ги чува, обработува и користи личните податоците на Претплатникот за свои потреби согласно законските прописи, а во случај на нарушување на нивната безбедност е должен веднаш, но не покасно од 24 часа од моментот на утврдување на нарушувањето на безбедноста на личните податоци, да достави до Агенцијата за електронски комуникации и до Дирекцијата за заштита на лични податоци известување за нарушување на безбедноста на личните податоци.
2) Претплатникот се обврзува да го извести Операторот доколку податоците што ги има Операторот за Претплатникот се неточни или нецелосни. Претплатникот може да изврши промена на податоците со поднесување соодветно барање за ажурирање на лични податоци во рок од 15 дена од направената промена на податоците.
3) Операторот има право, доколку е потребно, да побара од Претплатникот да му достави точни, целосни и ажурирани лични податоци.
4) Претплатникот има право да побара од Операторот да му достави информација дали и кои лични податоци што се однесуваат на него, се обработуваат.
5) Операторот треба да води евиденција за сите воспоставени претплатнички односи и по раскинување на договорот должен е податоците за Претплатниците, како име, презиме, адреса, матичен број за физички лица и даночен број за правни лица да ги чува за период од една година од денот на издавање на последната сметка на Претплатникот за обезбедените услуги.

**ЧЛЕН 10**
**ОДРЖУВАЊЕ НА МРЕЖАТА И ТЕХНИЧКА ПОДДРШКА**

1) Претплатникот се обврзува да поседува обезбедена (заземјена) електрична мрежа. Операторот не сноси одговорност доколку се случи материјална штета поради неисправна електрична мрежа во просториите на Претплатникот
2) Операторот се обврзува дека по извршувањето на работите околу приклучокот ќе обезбеди редовно одржување на мрежата. Доколку настане дефект на мрежата, Операторот е должен да пристапи кон отстранување на дефектот во рок од 4 часа од неговото настанување, односно во рок од 12 часа, доколку дефектот настане во времето од 20:00 до 06:00 часот наредниот ден.
3) Претплатникот се обврзува дека ќе ги почитува упатствата и соопштенијата што ги дава Операторот и ќе се грижи за мрежата и опремата што е инсталирана на неговиот имот и е во согласност со стандардите и прописите на Република Македонија, а во случај на нивно оштетување, сам подлежи на одговорност.
4) Операторот ќе преземе технички мерки за заштита на целокупната опрема вградена во мрежата, но не сноси одговорност за евентуален пренос на дефектот на мрежата предизвикан од страна на трето лице или „виша сила". При невреме (грмотевици), на Претплатникот се препорачува приклучокот на јавната кабелска мрежа да биде исклучен од терминалната опрема.
5) Операторот има право да врши преглед, контрола или мерење на инсталациите и терминалната опрема во просториите на Претплатникот со цел да се обезбеди бараниот квалитет на услугите.
6) Претплатникот се обврзува дека нема да врши самостојно отстранување на евентуални дефекти на кабелската мрежа и какви било дејствија врз терминалната опрема приклучена на кабелската мрежа, дури и ако биде исклучен од неа. Претплатникот се обврзува да известува и за евентуално оштетување на мрежата. Доколку Претплатникот постапи спротивно на овој член, должен е да ја надомести штетата.
7) Операторот обезбедува 24/7 техничка поддршка на телефонскиот број 045/520-306 или во просториите на операторот, каде Претплатникот може да пријави каков било технички проблем поврзан со услугите што ги нуди Операторот.

**ЧЛЕН 11**
**ПРИВРЕМЕНО ИСКЛУЧУВАЊЕ, ОГРАНИЧУВАЊЕ ИЛИ ПРЕКИН НА УСЛУГИ И ВРАЌАЊЕ НА ПАРИЧНИ СРЕДСТВА**

1) Претплатникот има право да побара привремено исклучување од јавната кабелска мрежа или услуга. Во периодот на привремено исклучување на Претплатникот нема да му се наплаќа месечен надомест започнувајќи од првиот ден во следниот месец. За повторно приклучување на јавната кабелска мрежа или услуга, Претплатникот поднесува соодветно барање до Операторот.
2) Доколку Претплатникот врши дејствија со кои го загрозува интегритетот на јавната кабелска мрежа, го нарушува нормалното функционирање на одредена услуга што ја нуди Операторот или врши дејствија спротивно на позитивните законски норми, Операторот

без предупредување има право целосно да го прекине пристапот до услугите и/или јавната кабелска мрежа на Претплатникот со цел да спречи голема материјална или оперативна штета.

3) Доколку Претплатникот не ја плати доставената фактура во рокот утврден во членот 8, став 6 од Договорот, Операторот има право да го ограничи или целосно да го прекине пристапот до услуги и/или јавната кабелска мрежа. Операторот повторно ќе го приклучи Претплатникот во најкраток можен рок, по презентирање на писмен или електронски доказ за подмирен долг.
4) Операторот треба на претплатниците да им ги врати наплатените парични средства во следните случаи:
   - во случај на привремено ограничување или прекин на пристапот до услуги,операторот врши враќање на паричните средства во делот на претплатата и надоместоците за дополнителните услуги за износ пропорционален на времетраењето кога услугата не била обезбедувана, доколку прекинот трае подолго од 3(три) часа. Пресметаниот износ, за целото времетраење на ограничувањата или прекините ќе биде одбиен во наредната фактура на сите претплатници кај кои постоело ограничување или прекин, без тоа да биде побарано од страна на претплатниците;
   - во други случаи на основан приговор од страна на претплатникот за утврдена неточна обработка на податоци што доведува до зголемување на износот за користени електронски комуникациски услуги, доколку ги има намирено своите долгови, во висина на погрешното задолжување со вкалкулирана законска казнена камата;
   - во случај на престанок на обезбедувањето на јавната комуникациска услуга не по вина на претплатникот, или во случај кога претплатникот го откажува натамошното користење на комуникациската услуга, операторот ќе изврши враќање на остатокот од паричните средства што биле депонирани однапред како аванс, месечната претплата, надоместокот за користење на дополнителните услуги, по подмирување на вкупниот долг на претплатникот.
5) Доколку од страна на надлежните органи е побарано да се ограничи или целосно прекине пристапот до јавните услуги и/или јавната кабелска мрежа на Претплатникот, Операторот е обврзуван да постапи согласно издадениот налог од надлежниот орган и во тој случај Операторот не сноси одговорност за каква било индиректна штета евентуално причинета на Претплатникот, поврзано со изгубена добивка, пропуштени можности во тргувањето, изгубен углед и сл.

## ЧЛЕН 12
## ПРАВО НА ПРИГОВОР И ТУЖБА

Претплатникот има право на приговор против одлуките или активностите на Операторот во врска со пристапот до или обезбедување на услуги. Приговорот мора да биде во пишана форма и истиот се доставува во просториите на Операторот, по пошта или електронски доколку операторот има согласност од претплатникот.

Операторот треба во своите општи услови за пристап и користење на комуникациските услуги да ги наведе условите за поднесување на приговорот од став 1 на овој член, а особено роковите и начинот на поднесување на приговорот, да наведе податоци за името и седиштето, броевите на телефони на надлежната служба за решавање по приговори, како и можноста за добивање на образец за поднесување на приговор.

Приговорот се поднесува во рок од 15 дена од денот на прием на одлуката, односно од започнување на активностите кои се предмет на приговорот.

Во случај на поднесен приговор во врска со износот на сметката, се до донесувањето на конечната одлука, Претплатникот е должен да го плати само износот на месечната претплата до датумот наведен во сметката во било кое продажно место на Операторот или други достапни начини за плаќање од страна на Операторот.

Операторот по поднесениот приговор треба да одлучи во рок од 15 дена од денот на приемот на приговорот и за тоа писмено да го извести Претплатникот. Известувањето треба да содржи детално образложение за причините за одбивање, односно прифаќање на приговорот, како и упатство за правото на Претплатникот да поднесе барање за заштита на своето право до Агенцијата. Кон известувањето се приложуваат и соодветни докази (на пример службена белешка за извршена техничка контрола и сл.)

Доколку Претплатникот не е задоволен од донесената одлука по приговорот има право во рок од 15 дена од денот на приемот на истата да побара заштита на своето право пред Агенцијата.

Доколку Операторот не постапи по приговор во рокот утврден во ставот 5 од овој член, Претплатникот има право да побара заштита на своето право пред Агенцијата во рок од 35 дена од денот на поднесувањето на приговорот до Операторот.

**Бројот 190 е број на контакт центарот на Агенцијата за електронски комуникации** каде што Претплатникот може да се информира за своите права.

## ЧЛЕН 13
## ИЗМЕНА НА УСЛОВИТЕ И РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

1) Претплатникот пред потпишувањето на овој Договор е веќе запознат и е согласен со неговите услови.
2) Операторот може да ги менува условите од претплатничкиот договор по претходно известување на Претплатникот.
3) Операторот треба да го извести Претплатникот за сите предложени измени во условите наведени во договорот во рок не пократок од 30 дена пред воведување на измените, како и за правото дека во истиот период, без известување или последици може да го раскине договорот доколку не се согласува со предложените измени.
4) Доколку операторот не постапи во согласност со ставот 3) од овој член, тоа нема да ги ослободи претплатниците од плаќање на пристигнатите и неплатени обврски или исполнување на договорените обврски пристигнати пред извршените измени во условите наведени во претплатничкиот договор.
5) Претплатникот може да го раскине претплатничкиот договор со операторот во секое време по претходно доставено барање за раскинување на претплатнички договор.
6) Операторот може да го раскине договорот доколку Претплатникот го злоупотребува користењето на услугата со цел спротивна на законите на Република Македонија и други прописи констатирани од страна на надлежен орган.
7) Операторот има право да го раскине Договорот поради ненавремено плаќање на обврските на Претплатникот и да покрене постапка за нивна наплата. Во тој случај, Претплатникот ќе ги сноси и трошоците за водење на постапката за наплата на заостанатиот долг.
8) Договорот се смета за раскинат од денот наведен во барањето и Операторот не треба да го одбие раскинувањето по барање на Претплатникот.

9) Претплатникот, по раскинување на претплатничкиот договор, ќе биде одговорен за плаќање на сите трошоци што биле направени од негова страна, а што евентуално се фактурирани со задоцнување или се фактурирани, а не се платени од страна на Претплатникот.
10) Доколку Претплатникот го раскине договорот пред истекот на важноста на договорот, ќе треба да плати казнени пенали во висина на месечната претплата до истекот на важноста на договорот.
11) При раскинување на претплатничкиот Договор, Претплатникот треба да го повика Операторот за демонтирање на комуникациските средства.
12) Операторот може да го раскине Договорот особено:
- поради повреда на одредбите од претплатничкиот Договор од страна на Претплатникот после писмено известување со кое ќе му даде рок од 30 дена за исполнување на договорените обврски.
- во сличај на Смрт на Претплатникот, доколку правото на користење на услугата не е пренесено на друго лице во рок од 6 месеци;
- кога со судска одлука Претплатникот се брише од соодветниот регистер;
- во случај на неликвидност на Претплатникот;
- во случај на користење и злоупотреба на услугите од страна на Претплатникот за цел спротивна на ЗЕК, прописите донесени врз основа на него и други закони и прописи констатирани од надлежен орган;
- доколку Операторот не е во состојба да ги обезбеди услугите поради дејство на виша сила подолго од 3 месеци.

*Операторот не треба однапред писмено да го извести претплатникот за исклучувањето, доколку се:
- предизвикува моментална и сериозна закана по јавниот ред, јавната безбедност, здравјето на луѓето и животната средина или
- предизвикува голема материјална и оперативна штета.

**ЧЛЕН 15**

**ВИША СИЛА**

1) Користењето на услугите што ги обезбедува Операторот може да биде прекинато поради дејство на „виша сила". Под „виша сила" се подразбира настан независен од волјата на договорните страни, чие настапување не можело да се спречи или предвиди и поради што исполнувањето на обврските од Договорот станало отежнато или неможно, вклучувајќи, но не ограничувајќи се на: природни настани, општествени настани (штрајк, немири, војна и сл.), акти на јавната власт.
2) Операторот не сноси никаква одговорност кон Претплатникот поради прекин на неговите услуги предизвикан од настан на виша сила

**Член 12**
**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Овај договор се смета за склучен од денот на потпишувањето од двете договорни страни, а влегува во сила од денот на активирање на јавната комуникациска услуга, предмет на овај договор.
Како составен дел на договорот се сметаат обрасците и анексите кои ги пополнува односно потпишува ОПретплатникот заради активирање и деактивирање на услугите и заради утврдување и менување на тарифниот модел, како и електронските записи од евиденцијата на Операторот од извршената активација и деактивација на услугите и менување на тарифниот модел по електронски пат.

Сите спорови настанати во врска со спроведување на овај договор ќе се решаваат спогодбено и на пријателски начин.

Ако спорови не можат да се решат на овај начин, тогаш во случај на спор по овој договор ќе решава надлежниот Основен суд во Кичево.

Овој Договор е составен во 2 (два) примерока од кои по еден за секој од договорните страни.

**КАБЕЛ АС КТВ ДООЕЛ**
(потпис и печат)

**Претплатник**
(потпис и печат)

***ПРИЛОГ 1:*** **ИЗБОР НА ТАРИФЕН МОДЕЛ**

| Име на пакетот | Месечен надомест | Рекламирана брзина на пристап (Download/Upload) | Ограничувања на пристап до услуги и апликации | Датум на активирање |
|---|---|---|---|---|
| ☐ _______ | Xxx денари | до ___Mbps/____Mbps | | ___.___.20___ |
| ☐ _______ | Xxx денари | до ___Mbps/____Mbps | | ___.___.20___ |
| ☐ _______ | Xxx денари | до ___Mbps/____Mbps | | ___.___.20___ |

***ПРИЛОГ 2:*** **РЕВЕРС ЗА ИНСТАЛИРАНА ОПРЕМА**

Во просториите на претплатникот е исталиран ____________________________________________ со сериски број ___:___:___:___:___:___. Откако претплатникот ќе престане да ја користи услугата за која е наменета инсталираната опрема истиот е должен да ја врати во исправна состојба во просториите на **КАБЕЛ АС КТВ ДООЕЛ**

Напомена: Цените се со вклучен ДДВ од 18%

# Прилог 1.
# ПОДАТОЦИ ЗА СЕРВИСОТ ПРЕДМЕТ НА ОВОЈ ДОГОВОР

| Пакет | |
|---|---|
| Рекламирана брзина на интернет пристап ( download/upload ) | |
| Минимална брзина на интернет пристап ( download/upload ) | |
| Вклучен месечен интернет сообраќај ( download/upload ) | |
| Брзина на интернет пристап по надминување на вклучениот месечен сообраќај ( download/upload ) | |

## Ценовник

Рутер во износ од ______ денари

Напомена: Цените се со вклучен ДДВ од 18%

Прилог 7– Форма на информацијата од операторите заради заштита на мрежната неутралност

Пакет со Х услуги

2 Mbit/s
12 Mbit/s
30 Mbit/s
100 Mbit/s

Минимална брзина **XX/XX** Mbit/s

| |
|---|
| Со овој претплатнички Договор се користи услуга за широкопојасен интернет |
| По надминувањето на месечниот лимит истиот не се наплатува, брзината се намалува на XX/XX Mbit/s |
| Валидноста за брзината на интернет сообраќајот се зема во предвид при мерење со апликацијата поставена на веб страната http://www.speedtest.net |

2015/1

# Д О Г О В О Р бр._______

за приклучок и користење на јавна комуникациска мрежа-Кабелска телевизија

Склучен на ден ______________2016, во ____________помеѓу:

1 **КАБЕЛ АС КТВ ДООЕЛ**, ул Партизанска бр.11 Македонски брод, тел:045/520-306 ЕДБ:35020150005034, ,претставувана од Љубиша Новески, УПРАВИТЕЛ ( во понатамошниот текст: Операторот, од една страна и

**2** ______________________________________________ЕМБ______________________________

ул.__________________________________________ бр____________ тел ______________

во понатамошен текст (Претплатник) од друга страна

**Член 1**

**ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОР**

Предмет на овој договор е уредување на правата и обврските на договорените страни кои произлегуваат од склучувањето на овој Договор за приклучок и користење на кабелска телевизија.

**Член 2**

**ЦЕЛ НА ДОГОВОР**

Цел на Договорот е монтирање и користење на приклучокот за прием на радио и телевизиски прорами преку кабелска мрежа во станот/просториите на Претплатникот за следење на дистрибутивните радио и телевизиски канали за што Претплатникот плаќа надомест определен со овој Договор во износ од __________ денари.

Со склучување на овој Договор, Претплатникот добива право за користење на дополнителни услуги кои ги нуди Операторот преку јавната кабелска мрежа во согласност со тарифниот модел кој го избрал Претплатникот за кои истиот плаќа и соодветен надоместок согласно тековниот ценовник на Операторот.

Приклучувањето на Претплатникот кон кабелската мрежа се врши од страна на стручни лица на Операторот и тоа во рок од 24 часа по потпишувањето на Договорот.

Овај договор се склучува во времетраење од □12 месеци, □ 24 месеци и на □неопределено време.

**Член 3**

**ПРАВА И ОБВРСКИ НА ОПЕРАТОРОТ**

**1.** Операторот се обврзува да изврши приклучување на Претплатникот кон кабелската мрежа со што ќе му овозможи (односно нема да му пречи) квалитетен прием на РТВ програмите кои се пренесуваат преку истата непрекинато 24 часа дневно односно на Претплатниците да им обезбедат (да не им се попречат) техничките можности за прием на сите национални, регионални и интернационални радио и телевизиски програми кои се емитуваат на тоа подрачје од легални емитувачи.

**2.** Операторот се обврзува да емитува минимално 30 различни телевизиски канали.

3. Програмската листа која е во понуда е составена врз основа на договори склучени со имателите на права и одобренијата добиени од Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Истата е објавена на инфо каналот на Операторот.

4. По поднесено барање за активирање или деактивирање на дополнителна услуга, Операторот треба да го извести Претплатникот за рокот во кој ќе се врши активирањето или деактивирањето на услугите, како и за доплнителната промена на терминалната опрема, доколку е потребно да се направи.

5. Операторот треба да го извести Претплатникот за сите предложени измени во условите наведени во претплатничкиот договор во рок не пократок од 30 дена пред воведување на измените, како и за правото дека во истиот тој период, Претплатникот без известување или последици може да го раскине договорот доколку не се согласува со предложените измени.

6. Операторот не ги продолжува по автоматизам обврските од договорот со задолжително времетраење, по истекот на иницијално договорениот временски период.

7. Операторот е должен во рок не пократок од 30 дена пред истекот на договореното времетраење од договорот да го извести Претплатникот дека истиот му истекува.

8. Операторот треба да му овозможи на Претплатникот промена на тарифен модел, доколу Претплатникот ги исполнува условите за користење на тарифниот модел и да му овозможи на Претплатникот користење на дополнителни услуги, според избраниот тарифен модел по цена утврдена во официјалниот ценовник.

9. Операторот има обврска да објави ценовник.

10. Операторот се обврзува да води евиденција за сите воспоставени претплатнички односи и по раскинување на договорот должен е податоците за Претплатниците, како име, презиме, адреса, матичен број за физички лица и даночен број за правни лица да ги чува за прериод од една година од денот на издавање на последната сметка на Претплатникот за обезбедените услуги.

11. Операторот се обврзува дека по извршувањето на работите околу приклучокот ќе обезбеди редовно одржување на мрежата. Доколку настане дефект на мрежата, Операторот е должен да пристапи кон отстранување на дефектот во рок од 4 часа од неговото настанување, односно во рок од 12 часа, доколку дефектот настане во времето од 20:00 до 06:00 часот наредниот ден.

12. Операторот е должен да обезбеди **технички мерки за заштита** на целокупната опрема вградена во мрежата од пренапони, атмосферски празнења, кражба, виша сила и сл. При невреме (грмотевици) се препорачува антенскиот приклучок да биде изваден од ТВ приемникот, а Операторот не сноси одговорност за евентуален пренос на дефектот на мрежата предизвикан од страна на трето лице или виша сила.

13. Операторот има обврска да обезбеди техничка можност за забрана на пристап на одредени канали или да обезбеди код за нивно активирање.

14. Операторот има обврска да го раскине претплатничкиот договор со Претплатникот, пред истекот на договорениот период, по барање на Претплатникот заради неисполнување на обврските од Операторот предвидени во претплатничкиот договор.

15. Операторот има право да наплати еднократен надомест за почетно приклучување, месечен надомест за претплатничка линија и за дополнителни услуги кои ги користи Претплатникот.

16. Операторот се обврзува да пресметува законска казнена камата од денот кога Претплатникот задоцнил со плаќање на месечен надомест.

17. Операторот може да побара од Претплатникот да депонира паричен износ на средства како аванс или гаранција, а особено по исклучување на Претплатникот заради доцнење или неможност за плаќање.

**Член 4**

**ПРАВА И ОБВРСКИ НА ПРЕТПЛАТНИКОТ**

**1.** За да може Претплатникот квалитетно да ги гледа сите понудени ТВ програми од кабелската мрежа, потребно е да поседува ТВ приемник со можност за прием на таканаречените S и Hyperband канали и обезбедена (заземјена) електрична мрежа.

**2.** Претплатникот се обврзува дека ќе им овозможи непречен пристап (на лица овластени од Операторот кои претходно ќе се легитимираат) во своите простории/станот во кои ќе се изврши монтажа, преглед или мерење на кабелската мрежа. Да не го попречува спроведувањето на кабелот од својот до соседните објекти.

**3.** Претплатникот се обврзува дека ќе се грижи за опремата инсталирана на неговиот имот и нема да врши самостојно отстранување на евентуални дефекти на кабелската мрежа и дека не врши било какви дејствија врз опремата на кабелската мрежа дури и ако биде исклучен од неа, како и да дејствува за евентуално оштетување на мрежата. Доколку постапи спротивно, должен е да ја надомести штетата.

**4.** Претплатникот може да пријави дефект на операторот на бројот за грижа на корисници 045/520-306 и лично во просториите на Операторот или по пошта.

**5.** Претплатникот се обврзува дека приклучокот не смее да го отстапува на друго лице или да дозволи неовластено приклучување на кабелската мрежа. Во случај тоа да го стори ќе биде трајно исклучен од кабелската мрежа.

**6.** Претплатникот не смее да приклучи друго лице и ТВ приемник на својот приклучок, ниту свој приклучок може да продаде, односно да го отстапи на трето лице.

**7.** Доколку дојде до промена на сопственоста на станот, Претплатникот е должен веднаш да го извести Операторот за настанатата промена.

Во таков случај:

- Претплатникот е должен да ги подмири своите обврски кон Операторот;
- доколку новиот сопственик на станот сака да ги користи услугите на Операторот, се склучува нов Договор.

**8.** Претплатникот има обврска да го плати износот што го должи во предвидениот рок, односно сам да побара сметка доколку истата не ја примил на време.

**9.** Да плати законска казнена камата од денот кога задоцнил со плаќањето, во случај на ненавремено плаќање.

**10.** Претплатникот има право да ги користи електронските комуникациски услуги предмет на претплатничкиот договор, во рок, начин, цени и квалитет во согласност со одредбите од претплатничкиот договор.

**11.** Да биде информиран во пишана форма за сите предложени измени во условите од договорот во рок не пократок од 30 дена пред воведување на измените, како и правото дека во тој период без известување или последици може да го раскине договорот доколку не се согласува со предложените измени.

**12.** Да има јавно достапна листа на улуги што му се нудат и обезбедуваат од страна на Операторот.

**13.** Да му се овозможи преселување на претплатнички приклучок на друга адреса во рамките на јавната кабелска мрежа. Операторот ќе го префрли Претплатникот на друга локација само ако има техничка можност на новата локација, во спротивно за предвремено раскинување на договорот има право да наплати пенали.

**14.** Да му се овозможи промена на тарифен модел, доколку ги исполнува условите за користење на тарифниот модел определен од Операторот.

**15.** Во рок не пократок од 30 дена пред истекот на договореното времетраење на договорот да биде известен дека договорот му истекува.

**16.** Да му се овозможи активирање, деактивирање и користење на дополнителни услуги на негово барање.

**17.** Да има информација за цените за приклучок и користење на јавните електронски комуникациски услуги во ценовник и да има пристап до ценовникот.

**18.** Претплатникот има право да депонира паричен износ како аванс на жиро сметка од која ќе се црпат средства за подмирување на обврските за плаќање на фактурата кон Операторот.

**19.** Да му бидат вратени парични средства во случај на неточна обработка на податоци или прекин на услугата.

**20.** Претплатникот има право да го раскине претплатничкиот договор со операторот, пред истекот на договорениот период по сопствени барање заради неисполнување на обврските од договорот на Операторот предвидени во претплатничкиот договор.

**21.** Да му биде овозможена техничка можност за забрана на пристап до одредени канали или да обезбеди код за нивно активирање, на негово барање.

**22.** Да му биде наведен програмскиот пакет, односно листата на програмски сервиси.

**Член 5**
**НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ**

Операторот бесплатно врши приклучување на Претплатникот на кабелската мрежа.

Операторот се обврзува дека на Претплатникот ќе му достави сметка за користење на услугите секој месец на 1- ви во месецот. Претплатникот се обврзува дека месечниот надоместок ќе го уплаќа редовно до 15-ти за претходниот месец на име месечна такса и тоа преку мобилни фискални апарати без провизија

Доколку Претплатникот не го уплати месечниот надоместок во утвдениот рок, Операторот е должен да го предупреди Претплатникот, со тоа што ќе определи рок од 10 дена во кој е должен да го уплати долгот. Во спротивно, ќе биде исклучен. За повторно вклучување во кабелската мрежа потребно е Претплатникот да го уплати износот на заостанатиот долг, без казна и трошоци за повторен приклучок.

Непримањето или непоседувањето на фактурата од која било причина, не го ослободува Претплатникот од обврската да го плати износот што го должи, односно Претплатникот треба сам да побара фактура, доколку не ја примил навреме.

**Член 6**
**ФОРМА И НАЧИН НА ИНФОРМИРАЊЕ И КОМУНИКАЦИЈА МЕЃУ ОПЕРАТОР И ПРЕТПЛАТНИК**

Комуникацијата помеѓу Операторот и Претплатникот (известување, фактура, друг вид на комуникација) се одвива во пишана форма.

Операторот комуницира со Претплатникот или со лице кое има полномошно издадено од Претплатникот, доколку Претплатникот е физичко лице, со законскиот застапник на Претплатникот или со лице вработено кај Претплатникот кое за таа цел е овластено со печат и потпис од одговорното лице на Претплатникот, доколку Претплатникот е правно лице, во продажните салони на Операторот или овластените правни лица од Операторот.

Пишаната форма, може да биде доставена на еден од следниве начини:

- со предавање од страна на оператор/ претплатник лично и
- по пошта.

Доставувањето на писменото може да се врши и во електронска форма доколку има согласност од Претплатникот.

Претплатникот **се согласува,** емаил адреса ______________________/**не се согласува** (да се заокружи при потпишување на договорот) за достава на писменото во електронска форма.

**Член 7**
**ВРАЌАЊЕ НА СРЕДСТВА**

Во случај на привремено ограничување или прекин на пристапот до услуги кој трае подолго од 3 часа Операторот врши враќање на паричните средства за претплата и надоместоци за дополнителните услуги за износ пропорционален на времетраењето кога услугата не била обезбедувана. Пресметаниот износ ќе биде одбиен во наредната сметка на сите Претплатници кај кои постоел прекин. Исто така доколку настане грешка во пресметувањето на износот, истиот по приговор од Претплатникот ќе биде одбиен во наредната сметка. Во случај на престанок на обезбедување на услугите не по вина на Претплатникот или кога Претплатникот го откажува користењето на услугите, Операторот ќе изврши враќање на паричните средства депонирани однапред како аванс на трансакциска сметка на Претплатникот по подмирување на вкупниот долг на Претплатникот.

**Член 8**
**ПРОМЕНА НА УСЛОВИТЕ НА ПРЕТПЛАТНИЧКИОТ ДОГОВОР**

Операторот може да ги менува условите утврдени со претплатничкиот Договор по претходно известување на Претплатникот.

Операторот треба да го извести Претплатникот во рок кој не може да биде пократок од 30 дена пред воведувањето на измените. Известувањето треба да ги содржи сите предложени измени во условите наведени во претплатничкиот договор, како и правото на Претплатникот дека во истиот период, без последици може да го раскине договорот, доколку не се согласува со предложените измени.

Доколку Операторот не постапи согласно став 2 од овој член, тоа нема да ги ослободи Претплатниците од плаќање на пристигнатите и неплатени обврски или исполнување на договорните обврски пристигнати пред извршените измени во условите наведени во претплатничкиот договор.

**Член 9**
**РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОР**

Претплатникот може да го раскине претплатничкиот Договор со Операторот во секое време со поднесување на писмено барање, а датумот на раскинување на претплатничкиот договор не може да биде пократок од 5 дена од денот на поднесувањето на барањето, при што Претплатникот треба да ги намири сите доспеани обврски кон Операторот за кои е издадена сметка.

Претплатникот и по раскинувањето на претплатничкиот Договор ќе биде одговорен за плаќање на сите трошоци кои биле направени од негова страна, а кои евентуално се фактурирани со задоцнување или се фактурирани, а не се платени од негова страна.

Доколку Претплатникот го раскине договорот пред истекот на важноста на договорот, ќе треба да плати казнени пенали во висина на месечната претплата до истекот на важноста на договорот.

При раскинување на претплатничкиот Договор, Претплатникот треба да го повика Операторот за демонтирање на комуникациските средства.

Операторот може да го раскине Договорот особено:
- поради повреда на одредбите од претплатничкиот Договор од страна на Претплатникот после писмено известување со кое ќе му даде рок од 30 дена за исполнување на договорените обврски.
- во случај на Смрт на Претплатникот, доколку правото на користење на услугата не е пренесено на друго лице во рок од 6 месеци;

- кога со судска одлука Претплатникот се брише од соодветниот регистер;
- во случај на неликвидност на Претплатникот;
- во случај на користење и злоупотреба на услугите од страна на Претплатникот за цел спротивна на ЗЕК, прописите донесени врз основа на него и други закони и прописи констатирани од надлежен орган;
- доколку Операторот не е во состојба да ги обезбеди услугите поради дејство на виша сила подолго од 3 месеци.

Операторот не треба однапред писмено да го извести претплатникот за исклучувањето, доколку се:
- предизвикува моментална и сериозна закана по јавниот ред, јавната безбедност, здравјето на луѓето и животната средина или
- предизвикува голема материјална и оперативна штета.

**Член 10**
**ПРИГОВОРИ И ЖАЛБИ**

Претплатникот има право на приговор против одлуките или активностите на Операторот во врска со пристапот до или обезбедување на услуги. Приговорот мора да биде во пишана форма и истиот се доставува во просториите на Операторот, по пошта или електронски доколку операторот има согласност од претплатникот.

Операторот треба во своите општи услови за пристап и користење на комуникациските услуги да ги наведе условите за поднесување на приговорот од став 1 на овој член, а особено роковите и начинот на поднесување на приговорот, да наведе податоци за името и седиштето, броевите на телефони на надлежната служба за решавање по приговори, како и можноста за добивање на образец за поднесување на приговор.

Приговорот се поднесува во рок од 15 дена од денот на прием на одлуката, односно од започнување на активностите кои се предмет на приговорот.

Во случај на поднесен приговор во врска со износот на сметката, се до донесувањето на конечната одлука, Претплатникот е должен да го плати само износот на месечната претплата до датумот наведен во сметката во било кое продажно место на Операторот или други достапни начини за плаќање од страна на Операторот.

Операторот по поднесениот приговор треба да одлучи во рок од 15 дена од денот на приемот на приговорот и за тоа писмено да го извести Претплатникот. Известувањето треба да содржи детално образложение за причините за одбивање, односно прифаќање на приговорот, како и упатство за правото на Претплатникот да поднесе барање за заштита на своето право до Агенцијата. Кон известувањето се приложуваат и соодветни докази (на пример службена белешка за извршена техничка контрола и сл.)

Доколку Претплатникот не е задоволен од донесената одлука по приговорот има право во рок од 15 дена од денот на приемот на истата да побара заштита на своето право пред Агенцијата.

Доколку Операторот не постапи по приговор во рокот утврден во ставот 5 од овој член, Претплатникот има право да побара заштита на своето право пред Агенцијата во рок од 35 дена од денот на поднесувањето на приговорот до Операторот.

**Бројот 190 е број на контакт центарот на Агенцијата за електронски комуникации** каде што Претплатникот може да се информира за своите права.

**Член 11**
**ВИША СИЛА**

Услугите кои ги дава Операторот можат да бидат прекинати поради дејство на виша сила.
Под виша сила се подразбира настан независен од вољата на Операторот, чие настанување не можело да се предвиди ниту да се спречи и поради кој исполнувањето на обврските од договорот станало отежнато или невозможно.

Операторот не сноси никаква одговорност кон Претплатникот поради прекин на неговите услуги предизвикан од настан на виша сила.

**Член 12**
**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Овај договор се смета за склучен од денот на потпишувањето од двете договорни страни, а влегува во сила од денот на активирање на јавната комуникациска услуга, предмет на овај договор.

Како составен дел на договорот се сметаат обрасците и анексите кои ги пополнува односно потпишува Претплатникот заради активирање и деактивирање на услугите и заради утврдување и менување на тарифниот модел, како и електронските записи од евиденцијата на Операторот од извршената активација и деактивација на услугите и менување на тарифниот модел по електронски пат.

Сите спорови настанати во врска со спроведување на овај договор ќе се решаваат спогодбено и на пријателски начин.

Ако споровите не можат да се решат на овај начин, тогаш во случај на спор по овој договор ќе решава надлежниот Основен суд во Кичево.

Овој Договор е составен во 2 (два) примерока од кои по еден за секој од договорните страни.

КАБЕЛ АС КТВ ДООЕЛ

ПРЕТПЛАТНИК,

ЛИСТА НА КАНАЛИ: Национални (Н); Регионални (Р); Интернационални (И)

| БР. | | БР. | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | МТВ-1 (Н) | 21 | | | |
| 2. | | 22 | | | |
| 3. | | 23 | | | |
| 4. | | 24 | | | |
| 5. | | 25 | | | |
| 6. | | 26 | | | |
| 7. | | 27 | | | |
| 8. | | 28 | | | |
| 9. | | 29 | | | |
| 10. | | 30 | | | |
| 11. | | | | | |
| 12. | | | | | |
| 13. | | | | | |
| 14. | | | | | |

**Ценовник:**

- Еднократен надомест за приклучок _______ денари.
- Месечен надомест(претплата) од _______ денари.
- Приклучок на дополнителен ТВ приемник во истиот стан во износ од _______ денари.
- САМ модул во износ од _______ денари.

*цените се со вклучен ДДВ.

,,КАБЕЛ АС КТВ" ДООЕЛ ул : Партизансака бр.11, Р. Македонија
Телефон: +389 (0)45520306;
Е-маил:; kabelas.ktv@hotmail.com

# ДОГОВОР ЗА КОРИСТЕЊЕ НА УСЛУГИ ОД ,,КАБЕЛ АС КТВ"

**ДАТУМ: ______. _____. ________год.** **БР:________________**

| | | | |
|---|---|---|---|
| Давател на услуга: | ,,КАБЕЛ АС КТВ" ДООЕЛ ул. Партизанска бр.11 Македонски Брод | | |
| Корисник: | | ЕМБГ / ЕМБС : | |

Член 1

ПРЕДМЕТ И ЦЕЛ НА ДОГОВОРОТ

Предмет на овој Договор е уредување на правата и обврските на давателот на услугата (во понатамошниот текст КО) од една страна и корисникот, од друга страна. Целта на овој Договор е засновање на претплатнички однос за обезбедување на услуги (ИНТЕРНЕТ, АТВ).

Член 2

ПРАВА И ОБВРСКИ НА КОРИСНИКОТ

1. Корисникот има право да ги користи услугите (ИНТЕРНЕТ, АТВ) дефинирани во Табела бр.1,2 и 3 која е составен дел од Прилогот кон овој Договор за цело времетраење на овој Договор.
2. Корисникот има право на достап до службата за грижа на корисници за било каков проблем кој се однесува за користење на услугата на телефонскиот број: 045/520 306, или на email:kabelas.ktv@hotmail.com .
3. Корисникот има право да бара и да добие информација која се однесува на услугите што ги овозможува КО, како и информација за цените и тарифите на користење на истите на телефонскиот број 045/520 306.
4. Корисникот има право да поднесе приговор во врска со пристапот до или обезбедувањето на услугата, кој може да го поднесе во рок од 15 дена од утврдување на повредата на одредбите од овај договор по писмен пат со препорачана пратка на поштенската адреса на КО. Доколку корисникот не е задоволен од донесената одлука по приговорот, има право во рок од 15 дена по приемот на истата да побара заштита на своето право пред Агенција за електронски комуникации на нивниот контакт број 190. Во случај КО да не постапи по приговорот во рокот утврден во член 3 став 5 од овој договор, претплатникот има право да побара заштита на своето право пред Агенцијата во рок од 35 дена од денот на поднесувањето на приговорот до КО. Агенцијата, одлучува по приговорот од корисникот во рок од 42 дена од денот на приемот.
5. Корисникот има обврска за дефинираните услуги (ИНТЕРНЕТ, АТВ) да плаќа месечна претплата наведена во Табела бр.4, точка 8 од Прилогот кон овој Договор.
6. Непримањето на фактурата или сметката не го ослободува корисникот од обврската да го плати долгот на време. Во случај на непримање на фактурата или сметката корисникот да се информира во специјализираните служби за грижа на корисници на КО или да побара изготвување на истата на телефонскиот број 045/520 306. Доколку корисникот поднесе приговор во врска со износот на фактурата или сметката, се до донесувањето на конечна одлука, корисникот е должен да го плати само износот на месечната претплата до датумот наведен во фактурата или сметката.
7. Корисникот е должен во рок од 5 дена писмено да го извести давателот на услугата за секоја промена на името, адресата или податоците од идентификационен карактер. За штетите настанати при непочитување на обврските за известување, давателот на услугата не превзема никаква одговорност.
8. Корисникот има право да ги користи услугите (ИНТЕРНЕТ, АТВ ) исклучиво за сопствени потреби и согласно намената, да не дава услуги и капацитети на други лица со или без надомест, и да не ја користи услугата за цели спротивни на законот за електронски комуникации или на друг закон или пропис, како и на условите пропишани во овој договор.
9. Корисникот се обврзува да ја чува опремата инсталирана во неговиот имот, како и опремата дадена на користење од КО согласно издадениот реверс, и нема да врши самостојно отстранување на евентуални дефекти на инсталираната мрежа на КО, дури и ако биде исклучен од неа, како и да известува за евентуално оштетување на истата, а во случај на оштетување сам подлежи на одговорност и надомест на штетата.
10. За да може корисникот квалитетно да ги користи услугите на КО должен е да си обезбеди квалитетна опрема, и да им овозможи непречен пристап (на лицата од КО кои предходно ќе се легитимираат) во своите простории или станот каде ќе се изврши монтажата.
11. За договори склучени на неопределено време корисникот има право да направи ненајавен прекин на користењето на интернет услугите максимално 1 месец во текот на едно полугодие сметано од 01.01 до 30.06 и од 01.07. до 31.12 во тековната година. Во спротивно го губи правото на доделената IP Адреса.Повторното доделување на нова IP адреса се наплаќа согласно ценовникот на КО.
12. Доколку корисникот користи услуги на неопределено време и ненавремено ги исполнува обврските кон КО, КО има право да го исклучи корисникот од сопствената мрежа, а трошоците за негово исклучување и повторно

вклучување се на терет на корисникот. Ваквото исклучување незначи и раскин на договорот. Корисникот кој користи услуги на неопределено време има право со писмено барање кое се добива во просториите на КО, да побара привремено запирање на услугата, при што корисникот треба да ги подмири неплатените фактури или сметки за месечна претплата, неплатените рати доколку има склучен договор на рати за заостанат долг, и тогаш да побара привремено запирање на услугата но не подолго од 6 месеци, а за повторно активирање на услугите ќе плати надоместок согласно ценовникот кој важи во тој момент.

13. При природни катастрофи (грмотевици, земјотреси, поплави, ветрови и др.) препорачливо е да се извади RJ 45 конекторот од мрежната карта, РФ конекторот од ТВ приемникот и од ДТВ ресиверот.За настанување на евентуална штета на опремата на корисникот, КО не сноси никаква одговорност.

Член 3

ПРАВА И ОБВРСКИ НА ДАВАТЕЛОТ НА УСЛУГАТА

1. Да обезбеди пристап за корисникот до мрежата на услугите (ИНТЕРНЕТ, АТВ) во рок од 15 работни дена, по извршената уплата и по реализирањето на сите потребни технички услови на страната на корисникот (конфигурирана опрема и обезбеден пристап до местото на инсталација).
2. КО има обврска да обезбеди квалитетно и непрекинато користење на услугата.
3. КО се обврзува дека по завршување на работите околу приклучокот ќе обезбеди редовно одржување на мрежата. Доколку настани дефект на мрежата КО е должен да пристапи кон отстранување на дефектот во рок од 6 часа од моментот на пријавување на дефектот односно во рок од 12 часа доколку дефектот настане во времето од 20.00 до 06.00 часот наредниот ден. Пријавувањето на дефектите ќе се врши на тел.бр.045/520 306.
4. Поднесениот приговор не го ослободува корисникот од обврската за навремено плаќање на месечната претплата дефинирана во Табела бр.4, точка 8 од Прилогот кон овој договор .
5. КО има обврска да одлучи по поднесен приговор во рок од 15 дена по приемот на истиот и за одлуката писмено да го извести корисникот.Известувањето треба да содржи образложение за причините за неприфаќање или прифаќање на приговорот поткрепено со релевантни докази за донесената одлука по приговорот, како и упатство за правото на претплатникот да поднесе барање за заштита на своето право до Агенцијата.
6. КО се обврзува дека ќе ја следи политиката на пазарните цени на услугите (ИНТЕРНЕТ, АТВ) и доколку дојде до намалување на истата, за корисникот ќе обезбеди поголем трансфер на податоци и поголем капацитет на услугите од моменталните при склучување на овој договор или ќе направи нови поволни погодности за својот корисник, кои ќе бидат јавно објавени на инфо сервисот на давателот на услугата.
7. КО во рамките на своите можности гарантира сигурност, тајност и неповредливост на личните податоци и заштита од повреда на личниот интегритет, што произлегува од регистрирањето информации за корисниците преку обработка на податоци, освен во случаи предвидени со закон.
8. КО има право да го откаже пристапот до мрежата на КОРИСНИКОТ, поради "Злонамерни дејства" кои се дејства или бездејства кои можат да се квалифицираат како престап или административно рушење на македонското законодавство, како и дејства или бездејства, кои што ја нарушуваат Интернет етиката или нанесуваат повреди на другите лица кои се поврзани на Интернет или на кабелската мрежа. Злонамерни се следниве наброени дејства: испраќање на несакана пошта (spam, junk mail), преплавување на каналите со испраќање на несакани IP пакети со цел генерирање на несакан пренос (flood), пристап до ресурси со туѓи права, користење на туѓи идентификациони податоци за пристап на интернет, користење на недостатоците во системите со цел за сопствено задоволство или добивање на информации (hack), извршување на дејства кои можат да бидат квалификувани како промислена шпиунажа или саботажа, повредување или разрушување на системи или информациски бази (crack), испраќање на "тројански коњ" (Trojan horses), инсталација на вируси (viruses), системи за далечинско управување и за следење на туѓа информација (sniff), попречување при нормална работа на другите корисници на Интернет и кабелската мрежа и други подробности.
9. КО го задржува правото да поведе Судска постапка против корисникот, врз основа на погоре наведените злонамерни дејствија и настанати повреди на инфраструктурата како и нарушениот углед.
10. За цел на градење и поддршка на мрежата КО има право времено, за најкус можен рок да го исклучи корисникот од мрежата. КО ќе изврши враќање на месечната претплата и надоместокот за дополнителни услуги (доколку корисникот ги има подмирено своите долгови), за износ пропорционален на деновите кога линијата не била во функција доколку исклучувањето било подолго од 48 часа. Износот ќе биде одбиен во наредната сметка кај сите корисници кои биле опфатени со исклучувањето без тоа да биде побарано од нив.
11. При неопходност поврзана со сигурноста и одбраната како и при хаварии КО има право да воведе еднострани промени во условите на понудувањето на услугите на корисниците без да сноси одговорност спрема нив.
12. КО не сноси одговорност за штети настанати од компјутерски вируси, црви, тројански коњи и хакерски напади што настанале во компјутерот на КОРИСНИКОТ преку мрежата на КО.

13. КО во рамките на своите можности ќе превземе технички мерки со кои ќе се заштити целокупната опрема вградена во мрежата од пренапони, атмосферски празнења,кражби, виша сила и слично.

14. КО има право времено да го исклучи корисникот заради неплатени обврски. Временото исклучување од мрежата незначи истовремено и раскин на договорот. КО во периодот на времено исклучување заради неплатени фактури или сметки ќе му доставува фактура или сметка на корисникот со износ еднаков на месечната претплата дефинирана во Табела бр.4, точка 8 од Прилогот кон овој Договор се дури овој договор е во сила. Доколку корисникот нелегално повторно се приклучи на мрежата против него ќе биде поведена кривична постапка.

15. КО ќе им обезбеди на своите корисници минимален број на канали од _____ во своите ТВ Пакети.

16. КО на Корисникот ќе му ја обезбеди следнава брзина за Download во пристапен дел: ______Mbps* и брзина за Uplaud во пристапен дел :_______ Mbps*.

*Брзината кон надворешните интернет содржини може да се разликува од дефинираните брзини во претплатничкиот Договор заради фактори кои влијаат надвор од мрежата на операторот.

Член 4

ЗАШТИТА НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ

1. Согласно член 9 став 3 од Законот за заштита на лични податоци Корисникот изрично се согласува КО заради заштита на своите права по Закон за електронски комуникации и по договорот за користење на негови услуги, да може да ги обработува и да ги користи сите мои податоци вклучувајќи ги и личните податоци откриени од моја страна спрема КО како и да задржи копија од задната страна на Л.К во постапка за склучување на Договор.
2. КО е особено овластен заради заштита на своите права по Закон за електронски комуникации и по договорот за неговите услуги да може споменатите податоци да ги користи во постапка пред надлежен суд, пред органи на државна управа или државни органи, адвокат, нотар, извршител или пред било кој носител на јавни овластувања, а кои по престанокот на склучениот договор веднаш ќе бидат уништени во постапка и процедура предвидена со закон.

Член 5

ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Договорот се склучува за период наведен во Табела бр.4 Точка.1 од Прилогот кон овај Договор

Член 6

ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Овој договор не може да се продолжи по автоматизам за иницијално договореното време. КО има обврска да го извести корисникот во рок не пократок од 15 дена пред истекот на задолжителното времетраење на договорот за истекот на истиот, или за промената на тарфиниот модел се до потпишувањето на нов договор, или доколку претплатникот останува без услуга.

Член 7

ПРОМЕНИ НА УСЛОВИТЕ ОД ПРЕТПЛАТНИЧКИОТ ДОГОВОР

1. КО може да ги менува условите утврдени со претплатничкиот договор по претходно известување на претплатникот.

2. КО треба да го извести претплатникот во рок кој не може да биде пократок од 30 дена пред воведувањето на измените. Известувањето треба да ги содржи сите предложени измени во условите наведени во претплатничкио договор, како и правото на претплатникот дека во истиот период, односно во рокот кој не може да биде пократок од 3 дена од денот на известувањето, без последици да може да го раскине претплатничкиот договор, доколку не с согласува со предложените измени.

3. Доколку КО не постапи во согласност со став (2) од овој член, тоа нема да ги ослободи претплатниците од плаќање н пристигнатите и неплатени обврски или исполнување на договорените обврски пристигнати пред извршените измен во условите наведени во претплатничкиот договор.

Член 8

НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ

Корисникот се обврзува дека месечната претплата за услугите (ИНТЕРНЕТ, АТВ), дефиниран во табела бр.4 точка бр.8 од Прилогот кон овој договор, ќе ја подмирува до претпоследниот ден во тековниот месец, за користење на (АТВ за предходниот месец, и ИНТЕРНЕТ за наредниот месец) За ненавремено плаќање на месечната претплата

давателот на услугата го задржува правото да пресмета законска затезна камата.

Член 9

РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ ЗА ОДРЕДЕНО ВРЕМЕ

Водејќи се од законската регулатива и добрите обичаи странките со слободна изразена волја ги утврдуваат условите и начинот на раскинување на овој договор, заради специфичниот карактер на услугата за која се склучува овој договор како следува.Доколку дојде до раскинување на овој договор по барање на корисникот, со предходно писмено известување кон КО, кое се доставува најмалку 30 дена пред датумот на раскинување на договорот, или поради вина на корисникот, истиот е должен да ги измири сите достасани обврски за плаќање кои ги има кон КО, кои ќе бидат зголемени заради резервираната услуга која КО мора да ја обезбеди преку давателот на универзална комуникациска услуга (провајдер) или (резервирање на авторски права за одредени ТВ пакети од застапници за истите за територија на РМ) и кон давателот на услугата има обврска и тоа:

1. За склучен договор од 1 година:
   a) Доколку корисникот го раскине договорот во првите 6 месеци од користењето на услугата, должен е да плати износ еднаков на 4 месечни претплати, разликата во еднократниот трошок за инсталација и искористените попусти дефинирани во понудата на КО (доколку се искористени).
   b) Доколку корисникот го раскине договорот после 6 месеци од користењето на услугата, должен е да плати износ еднаков на 2 месечни претплати, разликата во еднократниот трошок за инсталација и искористените попусти дефинирани во понудата на КО (доколку се искористени).
2. За склучен договор од 2 години:
   a) Доколку корисникот го раскине договорот во првите 12 месеци од користењето на услугата, должен е да плати износ еднаков на 4 месечни претплати, разликата во еднократниот трошок за инсталација и искористените попусти дефинирани во понудата на КО (доколку се искористени).
   b) Доколку корисникот го раскине договорот после 12 месеци од користењето на услугата, должен е да плати износ еднаков на 2 месечни претплати, разликата во еднократниот трошок за инсталација и искористените попусти дефинирани во понудата на КО (доколку сè искористени).
3. Корисникот на услугата може да го раскине договорот без пенали доколку:
   a) КО не е во состојба да обезбеди квалитетно и непрекинато користење на услугата, а по претходно доставен писмен приговор за квалитетот на услугата со доволно аргументи кои укажуваат на недостаток на сервисот, при што споредува со мониторингот на линкот на давателот на услугата.
   b) Доколку мониторингот на КО и податоците на корисникот се поистоветуваат и доколку заеднички аргументирано се докаже недостатокот, кој е причина за раскинување на договорот, тогаш корисникот ќе биде ослободен од плаќањето на предвидените пенали во овој договор.
4. КО може да го раскине договорот без пенали ако настапило неисполнување на договорните обврски.
   a) Доколку КО не е во состојба да ги обезбеди услугите поради дејство на Виша сила подолго од 2 месеци.
   b) При раскинување на Договорот, Корисникот е обврзан да ја врати опремата која е дадена на користење во сопственост на КО утврдени со издадениот реверс во исправна состојба или да ја надомести нивната вредност определена во табела 4 точка 9 од овој договор. КО ја утврдува исправноста на опремата при преземањето.

Член 10

РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОР НА НЕОПРЕДЕЛЕНО ВРЕМЕ

Водејќи се од законската регулатива и добрите обичаи странките со слободна изразена волја ги утврдуваат условите и начинот на раскинување на овој договор, заради специфичниот карактер на услугата за која се склучува овој договор како следува.Во случај на раскинување на овој договор од страна на корисникот, потребно е корисникот на услугите на КО да потпиши документ за раскинување на овој договор во просториите на КО при што корисникот треба да ги подмири неплатените фактури или сметки за месечна претплата до денот на раскинување на договорот.

Член 11

ВИША СИЛА

КО и корисникот се согласни ниедна договорна страна да не биде одговорна кон другата за губиток, штета, повреда или неизвршување на одредбите на овој договор кои се предизвикани со дејство на виша сила.Под виша сила се подразбира настан независен од волјата на договорените страни, а чие настанување не може да се спречи или предвиди, и поради кое исполнувањето на обврските по договорот станало отежнато или оневозможено, вклучувајќи, но не и ограничувајќи се на: природни настани, општествени настани (штрајк, немири, војни), акти на јавна власт, нарушувања во функционирањето на системот.За времетраењето на виша сила, сите права и обврски од овој договор мируваат.КО не сноси никаква одговорност кон корисникот поради прекин на неговите услуги поради

виша сила.Во случај да договорените обврски мора да се одложат поради виша сила повеќе од 1 месец, договорените страни ќе договорат нови услови за исполнување на договорот.

Член 12

НАДЛЕЖЕН СУД

Сите спорови договорените страни ќе ги решаваат спогодбено, а доколку не се реши спогодбено надлежен е Основен Суд Кичево.

Член 13

СТАПУВАЊЕ ВО СИЛА НА ДОГОВОРОТ

Договорот стапува во сила на денот на активирањето на услугата од кога почнуваат да течат и обврските за плаќање на месечната претплата, како и другите надоместоци за користење на услугата.Овој договор е склучен во 3 примероци, од кои еден за корисникот, еден за КО и еден за во архива.

ДОГОВОРНИ СТРАНИ

„КАБЕЛ АС КТВ" ДООЕЛ
ДАВАТЕЛ НА УСЛУГАТА

КОРИСНИК

ЛИСТА НА КАНАЛИ: Национални (Н); Регионални (Р); Интернационални (И)

| БР . | | БР. | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | МТВ-1 (Н) | 21 | | | |
| 2. | | 22 | | | |
| 3. | | 23 | | | |
| 4. | | 24 | | | |
| 5. | | 25 | | | |
| 6. | | 26 | | | |
| 7. | | 27 | | | |
| 8. | | 28 | | | |
| 9. | | 29 | | | |
| 10. | | 30 | | | |
| 11. | | | | | |
| 12. | | | | | |
| 13. | | | | | |
| 14. | | | | | |

**Ценовник:**

- Еднократен надомест за приклучок ______ денари.
- Месечен надомест(претплата) од _______ денари.
- Приклучок на дополнителен ТВ приемник во истиот стан во износ од _______ денари.
- САМ модул во износ од _______ денари.

*цените се со вклучен ДДВ.

Прилог 7– Форма на информацијата од операторите заради заштита на мрежната неутралност

Пакет со X услуги

2 Mbit/s

12 Mbit/s

30 Mbit/s

100 Mbit/s

Минимална брзина **XX/XX** Mbit/s

| |
|---|
| Со овој претплатнички Договор се користи услуга за широкопојасен интернет |
| По надминувањето на месечниот лимит истиот не се наплатува, брзината се намалува на XX/XX Mbit/s |
| Валидноста за брзината на интернет сообраќајот се зема во предвид при мерење со апликацијата поставена на веб страната http://www.speedtest.net/ |

2015/1